## Што е CVV2?

Card Verification Value 2 (Код за верификација на картичка Вредност 2) е безбедносна карактеристика при извршување трансакции за кредитни и дебитни картички, кои се користат за проверување дали се користи валидна картичка при трансакцијата.

Оваа можност обезбедува поголема заштита од измами. Најчесто се бара за трансакции кои се појавуваат преку интернет, по е-пошта, факс или преку телефон.

## Каде можам да го најдам CVV2 кодот?

Кодот CVV2 е троцифрена вредност, тоа се последните три цифри кои се испечатени на делот за потпис, на задната страна од Вашата картичка.

## Кои се безбедносните придобивки од CVV2 кодот?

Кодот Card Verification Value 2 (CVV2) им обезбедува на купувачите дополнителна безбедност при трансакција со картички. Кодот CVV2 бара физички пристап до картичката, и со тоа го намалува ризикот од измама на интернет.

## Најдов број на задната страна од мојата картичка, но има повеќе од 3 цифри?

Нам ни се потребни само последните 3 цифри од овој број (останатите се само повторување на бројот од Вашата картичка).

## За кои картички е достапна опцијата CVV2?

За картичките издадени од ПроКредит Банка- кредитни картички од брендот Visa Card International и MasterCard International, дебитната Visa Electron и Visa Electron Bussines од брендот Visa Card International.